# ПРОДОЛЖЕН ПОВИК ЗА ТУТОРИ

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ТУТОРИ кои ќе им помагаат на студентите Роми за полагање испити со кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот, во период од  Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци), преку индивидуална туторска програма подготвена од страна на туторот и студентот/туторираниот.

**Опис на активноста туторство**

Туторството претставува можност за студентите Роми да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор кој ќе му помогне на студентот кој има потешкотии во совладувањето на материјалот за одреден предмет/испит. Туторите ќе го користат туторскиот пристап како поддршка, а тоа значи дека туторите ќе работат со студентите на обработка и објаснување на одредени теми и содржини од предметот за полагање на дадениот предмет/испит и продолжување на студиите. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од Април 2024 - Јуни 2024 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“ е предвидено туторирање на 10 студенти Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (тутори) кои треба да работат со најмногу двајца студенти.
Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за студентите Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и студентот за одреден предмет/испит за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.
Стратешките цели на оваа активност е да им помогне на студентите Роми успешно да го завршат високото образование и да го продолжат своето образование и/или успешно да транзитираат на пазарот на трудот. За еден наставен предмет треба да се одржат најмалку 8 туторски часови месечно (1 час = 45мин).
Пријавените тутори ќе бидат регистрирани во базата на тутори за академската 2023/2024 година и ќе бидат понудени за туторски ангажман во текот на академската 2023/2024 година само доколку студентите Роми во нивното барање за туторство не предложат тутор или нивниот предложен тутор не ги исполнува условите за тутор.

The project “Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey” is funded by European Union

## Работни задачи и надоместок на тутори

Сите ангажирани тутори кои ќе одржуваат туторски часови ќе треба:
- да подготват план на туторски часови во соработка со студентот
- да реализираат туторски часови според планот;
- да подготват и достават извештаи за реализираните туторски часови.

*** Селектираните лица ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на нивните работните задачи во временската рамка за реализирање на туторството, туторите ќе добијат авторски надоместок во бруто износ од 50 евра месечно, во денарска противвредност.

## Кандидати за тутори може да бидат:

- Демонстранти/асистенти, професори, студенти од последната универзитетска година (апсолвенти) со успех по туторираниот предмет од минимална оценка 8.00 или кои имаат искуство со туторирање
- Работно искуство во високо образование
- Предност искуство со маргинализирани ученици
- Добри комуникациски вештини со ученици и маргинализирани родители
- Разбирање на бариерите за образование и вработување со кои се соочуваат Ромите

## Потребни Документи за пријавување за тутор

За пријавување за тутор треба да се достават следните документи:

- кратка биографија и
- мотивационо писмо.

## Начин на пријавување за тутор

- Потребните документи да се испратат на е-маил адресата: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk со назнака **пријавување за тутор во академската 2023/2024 година**

## Краен рок за пријавување

**Краен рок за пријавување на повикот за тутори е 26 април 2024 година!**

## Селекција на кандидати

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union